*Јулијана Жабева*

# ЗАСТАПЕНОСТ НА ХРВАТСКАТА МУЗИЧКА КУЛТУРА НИЗ МАКЕДОНСКАТА ПЕРИОДИКА ОД 1919–1941

Концертниот живот во Македонија во периодот меѓу двете светски војни доживува нагорен подем. Покрај редовните настапи на македонските музички друштва и на солистите следеле и гостувања од повеќе држави: Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, потоа од Австрија, Германија, Русија, Италија, Романија, Чешка и др. На територијата на Македонија културен центар во тој период (Кралство Југославија) е Скопје каде што се одржувале најважните и најексклузивните концерти. На репертоарот на македонските музички друштва биле редовно застапени и *хрватските композитори*: Жганец, Лотка, Готовац, Видошиќ, Папандопуло и др. Во тогашните дневни и неделни списанија следеле редовни објавувања на музички текстови. Најголем процент од музичките текстови биле репортерски со регистрирање на музичкиот настан, а во помал број се објавувале музички критики. Во текстот ќе следи хронолошки приказ на застапеноста на хрватската музичка култура преку нивните одржани концерти во Македонија, кои се изведувале како концерти на вокална музика, вокално-инструментална музика, камерна музика, солистичка музика, а исто така се одржала и една балетска вечер. Воедно ова е и вовед во запознавање на интеркултуралноста помеѓу Македонија и Хрватска.

Во текот на периодот од 1919–1941 г. беа анализирани и истражени објавените музички текстови во весниците:

***Привредни гласник*** (дневен весник),

***Скопски гласник*** (неделен весник).

Во истите весници објавени се вкупно *13 наслови* за настапите на храватските музичари во Македонија. Генералната поделба на сите наслови е:

- најава за музички настан - 4;
- одјава за музички настан - 7;
- музички рецензии - 2.

Според содржината на текстовите истите можеме да ги поделиме на:

- најава за концерт на класична музика;
- одјава на концерт за класична музика;
- одјава на концерт за народна музика;

- одјава за балетски концерт;
- рецензии за концерти на класична музика.

Сите концерти според местото на одржување биле остварени во Скопје само еден концерт се одржал и во Куманово. Од друга страна најголем дел од хрватските музичари или ансамбли гостувале од Загреб. Забележан е само еден настап на гостување на хорски ансамбли од Хрватско Загорје-Градец, Петриње и др.

Според генералната поделба, текстовите за најава и одјава на музички настан во себе содржеле податоци за: датата на одржување на концертите, интерпретаторите, програмот на концертот, салата каде што се одржувал концертот. Во дел од овие наслови имало и биографски податоци за самите интерпретатори, хорски друштва и сл. Третиот вид на објавени текстови се музичките рецензии. Во периодот кој е опфатен во овој текст започнуваат да делуваат првите музички критичари: Јосип Брнобиќ, Тодор Скаловски, Трајко Прокопиев и М. Бобиќ. Нивните првични критики се однесуваат на анализа на изборот на програмот, реакција на публиката, техничкиот и уметничкиот стил и одлика на изведувачите, комуникацијата помегу диригентот со членови на хорот или оркестарот или помеѓу солистот и ум. соработник. Во тој контекст ќе парафразирам дел од рецензиите објавени за концертите на хрватските музичари: На моменти нежни и сонорни, а на моменти јаки и бујни тонови извирале од виолината на големиот уметник З. Балоковиќ. Пијанистот Слушни совршен техничар одлично го придружувал Балоковиќ..... По завршувањето на концертот Балоковиќ дал изјава дека ова било прво негово гостување во Скопје и изјавил дека високо ја цени скопската публика која според неговите впечатоци се наоѓала на завидна висина на уметничко разбирање. (*Скопски гласник*, бр.544, 1938, стр.4).

Во целина *изборот на програмот* на овие концерти во најголем дел бил посветен на домашни автори што е според мене важен факт бидејќи се обрнувало внимание на унапредување и афирмација на домашната современа музика. Во најголем дел преку програмите се најавувале само композиторите од кои се изведувале одредени музички дела, а не и самите музички дела. Изведбата на домашните автори биле застапени на сите концертни програми на хрватските музичари, а посебно кај хоровите и кај ансамблите кои изведувале народна музика. Од друга страна на репертоарот кај хрватските инструменталисти како Златко Балоковиќ, Бранка Мусулин биле застапени важни инстрментални дела од обласа на класичниот репертоар. Во тој контекст може да го проследиме програмот од

концертот на З. Балоковиќ, одражан во 1938 г: Дворжак-Концерт во а-мол, Пуњани-Крајзлер-Прелудиум и алегро, Бах-Адаџо, Франк-Сицилијана и Ригодон, Моцарт-Рондо, Гранадос-Песна на славејот, Де Фала-Шпански танец, Славенски-Југословенски песни и игри, Шимановски-Фонтана де Аретура, Новачек-Перпетум мобиле, Лотка-Хрватска рапсодија.

Следи хронолошко поопширно претставување на сите објавени музички текстови за настапите на хрватските музичари во Македонија.

**ХОРОВИ:**

Првиот податок не носи во 1921 година кога на 2.8.1921, во Скопје пристигнало **Пејачкото друштво на Загребачката академска младина-Балкан.** Концертот се одржал во вечерните часови во летната бавча на Зрињски. Организатори на концертот биле трговците и индустријалците од Скопје.

На страниците на неделното списание *Скопски гласник* на 13.11.1930 г. се објавила информација за гостувањето на повеќе хрватски хорови од Загорје: **Јелачиќ од Запрешица, Бор од Св. Неџеле, Грозд од Градец и граѓанскиот пејачки хор Славуј од Петриње.** Исто така гостувал и тамбуршкиот оркестар Бор од Св. Неџеле. На програмата биле застапени дела од: Лотка, Шпољар, Готовац, Жганец, Мокрањац, Шимунаци, Хајдрих. Следниот ден тие одржале концерт и во Куманово.

По десет години **хорот Балкан-Младост** од Загреб повторно гостувал во Скопје. Концертот се одржал во салата на Офицерскиот дом на 9.7.1931 г. Диригент бил Готовац. Следниот ден односно на 10.7.1931 г. хорот заминал на концертна турнеја во Грција.

Во рамките на турнејата на загребачкиот **учителски хор Иван Филиповиќ** која се одржувала во текот на 1933 година било застапено и Скопје. Во 1933 година во хорот членувале 56 машки членови: 40 учители од Загреб и 16 од околината. Со хорот раководеле Мирко Царнер, Јулије Ричл, Фрањо Ханон, Иван Бабиќ, а тогашен актуелен диригент бил Борис Папандопуло, познат композитор, диригент на најстарото загребачко пејачко друштво Коло. Концертот се одржал во Офицерскиот дом, а на репертоарот биле засапени дела од: Милојевиќ, Крстиќ, Жганец, Манојловиќ, Папандопуло, Мокрањац, Лисински и др

На 11.7.1936 година во *Скопски гласник* била објавена кратка информација за концертот на **Музичкото хорско и студентско друштво Вардар о**д Загреб, кој се одржал на 5.7.1936 во Народниот театар.

Во периодот непосредно пред почетокот на Втората светска војна концертниот живот во Скопје не згаснувал. На 15.2.1941 г., во Народниот театар се одржал концерт на **Хорот Кирил И Методиј** од Загреб. На концертот се извела Литургијата Св. Јован Златоусти од Чајковски. Хорот Кирил и Методиј бил основан во Загреб 1931 г., со цел да ја шири старословенската црковна музика. Тие имале успешни настапи во Франција, Швајцарија и Италија. На Меѓународниот конгрес на црковна музика во 1937 г., мегу 47 држави тие освоиле прва награда. Диригент бил Борис Комаревски.

**РЕЦИТАЛИ:**

Друштвото Јефимија повторно го споменуваме бидејки во 1935 година го организирало настапот на тенорот **Душан Ѓорѓевиќ,** бивш член на Загребачката опера и на **Јосип Човиќ,** баритон, член на Државната опера во Берлин. Концертот се одржал на 27.3.1935 година во Народниот театар. На програмата биле застапени следниве дела: Пучини, Масне и Готовац.

По повод прославувањето на 25 годишнината од уметничката работа на **Златко Балоковиќ,** тој одржал турнеја каде што го посетил и Скопје. Во тој период Балоковиќ свирел на виолина која била последно дело на големиот мајстор Страдивари кој ја направил во 1737 година на 93 години. Концертот бил закажан за 9.11.1938 година. Пијано соработник бил белгискиот пијанист Н. Слушни. За истиот концерт се објавила кратка рецензија. На самиот концерт во Народниот театар била собрана елитната публика и највисоките политички функционери.

Скопјаниво текот на 1940 година имале можност да го проследат пијано рециталот на младата хрватска пијанистка **Бранка Мусулин**, која во тој период била на почеток од својата кариера. Концертот се одржал на 3.4.1940 г., во Народниот театар. Програм: Скарлати, Равел, Шопен, Тајчевиќ.

**КАМЕРНИ АНСАМБЛИ:**

Во Скопје во периодот кој е опфатен во овој текст активно делувало уметничкото друштво Јефимија, кое организирало гостувања на повеќе музички уметници. Како пример можеме да го издвоиме концертот на **Загребачкиот гудачки квартет** кој настапил во Скопје благодарејќи на Јефимија. Концертот се одржал во Народниот театар на 12.5.1931 г. Загребачкиот квартет активно делувал од 1918 г. Членови биле: Ладислав Мирнов (I вилоина), Милан Граф (II виолина), Драгутин Арани (виола), Умберто Фабри (виолончело). На програмата биле изведени дела од: Бокерини, Григ, Дворжак, Милојевиќ и Барановиќ.

**ФОЛК АНСАМБЛИ:**

Следниот месец во април во Скопје на 21.4.1935 година пристигнала **Академијата на истарскиот ученички интернат од Загреб**. Концертот се оджал во Народниот дом. На програмот биле изведени рецитации, народни истарски песни во два гласа, народен истарски танци во придружба на сопила (зурла) и композиции изведени од ученичкиот хор. Солисти на мала и голема сопила биле Роко Фугошиќ и Винко Трубиќ. Диригент бил Милан Гортан. Посебно се истакнала изведбата на истарската песна Појмо ми мала на самањ од Зван Сопца (псевдоним на Гортан).

**БАЛЕТСКИ КОНЦЕРТ:**

Како надополнување и збогатување на културниот живот во Скопје следи и одржувањето на балетски концерт од страна на тогашниот познат хрватски **балетски пар Млакар**. Во биграфијата на балетскиот пар Млакар во периодот на триесеттите години од 20 век се истакнува плодната соработка со композиторот Фран Лотка, односно кореографијата на неговите балети била создавани од Пиа и Пина Млакар. Организатор на концертот било Друштвото на пријателите на уметноста од Скопје. Концертот се одржал на 4.11.1933 година во Народниот театар, бил доста посетен и поминал одлично.

Можеме да резимираме дека во Македонија во периодот од 1919-1941 во дневните и неделните весници беа континуирано забележани гостувањата на хрватските музички уметници: хорски друштва, камерни состави, инструменталисти, соло пејачи, балетски уметници, а воедно сите тие со своите поединечни концерти допринесоа да се надгради и збогати концертниот живот на македонската публика.

| ИЗВЕДУВАЧИ | ГОДИНА НА ОДРЖАНИОТ КОНЦЕРТ |
|---|---|
| Пјевачко Друштво Загребачке Академске Омладине Балкан | 1921 г. |
| Хорови: Јелачиќ, Бор, Грозд и Славуј, Загорје | 1930 г. |
| Загребачки гудачки квартет | 1931 г. |
| Хор Балкан-Младост, Загреб | 1931 г. |
| Балетски пар Млакар, Загреб | 1933 г. |
| Хор Иван Филиповиќ | 1933 г. |
| Тенор Душан Ѓорѓевиќ и Јосип Човиќ, тенор, Загреб | 1935 г. |
| Академија Истарског Ђачког интерната, Загреб | 1935 г. |
| Хор и Студентско друштво Вардар, Загреб | 1936 г. |
| Златко Балоковиќ, виолинист, Загреб | 1938 г. |
| Златко Балоковиќ, виолинист, Загреб | 1939 г. |
| Бранка Мусулин, пијанистка, Загреб | 1940 г. |
| Хор Ќирил и Методиј, Загреб | 1941 г. |



**ЛИТЕРАТУРА:**


Andreis, Josip: *Povijest glazbe* (knjiga 4), Liber Mladost, Zagreb, 1974

...„Балкан-певачко друштво загребачке академске омладине у Скопљу“. *Привредни гласник,* г.III, бр.147, 3.8.1921, стр.2

„Ѓраџанима Скопља - Гости из Загорје“, *Скопски гласник*, г.II, бр.121, 13.11.1930, стр.1

...„Концерт Загребачког квартета“, *Скопски гласник*, г.III, бр.153, 9.5.1931, стр.2

...„Хор Балкан-Младост у Скопљу“, *Скопски гласник,* г.III, бр. 162, 11.7.1931, стр.2

Бобиќ. М. „Загребачки Учитељски збор Иван Филипович у Скопљу“, *Скопски гласник*, г.V, бр.260, 27.5.1933, стр. 3

...„Балетско вече“, *Скопски гласник,* г.V, бр.288, 9.12.1933, стр.4

Брнобиќ, Јосип. „О концерту Душан Ѓорѓевича и Јосип Човиќ“, *Скопски гласник*, г.VII, бр.356, 30.3.1935, стр.4

Брнобиќ, Јосип „Академија Истарског џачког интерната из Загреба“, *Скопски гласник,* г.VII, бр.360, 27.4. 1935, стр.4

...„Музичко хорско и струдентско друштво Вардар из Загреба“, *Скопски гласник*, г.VIII, бр.423, 11.7.1936, стр.4

М. Б. „Златко Балоковиќ у Скопљу“, *Скопски гласник*, г.X, бр.544, 5.11.1938, стр.4

Бобиќ, М. „Концерт г. Златка Балоковиќа“, *Скопски гласник*, г.X, бр.545, 12.11.1938, стр.4

Б.Т. „Концерт Бранке Мусулин“ , *Скопски гласник,* г.XII, бр.620, 13.4.1940, стр.4

...„Долазак Ќирило-Методског хора из Загреба у Скопљу“, *Скопски гласник*, г.XIII, бр.663, 8.3.1941, стр.4